**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25-9635/2
27.12.2012 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), член 62 став (2) и од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08 и 53/11), постапувајќи по барањето на Друштвото за технички преглед на моторни и приклучни возила, исправност, анализа и регистрација АВТОСТАР ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, бр.25-9635/1 од 01.12.2011 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ **на Друштвото за технички преглед на моторни и приклучни возила, исправност, анализа и регистрација АВТОСТАР ЕДЕН ДООЕЛ Тетово** со локација: ул.Љубо Божиновски Пиш бб. Тетово, **за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за група на категорија М, N и О,** согласно член 24 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата.

## Образложение

Друштвото за технички преглед на моторни и приклучни возила, исправност, анализа и регистрација АВТОСТАР ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, до Министерството за економија поднесе барање бр.25-9635/1 од 01.12.2011 година за овластување за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за група на категорија М, N и О, согласно член 24 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105/10). Кон барањето се поднесени следните документи согласно членовите 16, 17 и 18 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата:

- Решение за овластување на Друштвото за технички преглед на моторни и приклучни возила, исправност, анализа и регистрација АВТОСТАР ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, да врши технички преглед на возила бр.19.11.1-18957/3 од 17.06.2010 година издадено од Министерство за внатрешни работи – Сектор за управно-надзорни работи од Скопје;
- Договор за закуп на деловен простор, заверен на нотар во Тетово со бр.УЗП 585/10 од 25.03.2010 година;
- Копија од обрасците М1/М2 за: дипл. сообраќаен инж. Љубиша Евчевски со Потврда за положен стручен испит бр.25-7505/2, дипл. инж. по машинство Мирослав Силјаноски со Потврда за положен стручен испит бр.25-6875/2;
- Доказ за склучен договор за осигурување - Полиса бр.13023000060410/0 од 05.12.2011 година; и
- Внатрешни процедури за обезбедување на квалитет во постапките за работа.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа на горе изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија

**МИНИСТЕР,**
**Ваљон Саракини**